фронтовска армија да учествува во завршните операции против фашистичка Германија на дел од територијата на Југославија.

Петтата глава *„Бледската спогодба“ (145-153)* е посветена на еден од најзначајните историски документи од југословенско-бугарските односи по Втората светска војна. Во неа е истакнат и придонесот на Георги Димитров за воспоставување на добрососедски односи меѓу југословенските народи и бугарскиот народ во периодот по Втората светска војна. Исто така се дадени и поважни контакти и договори пред потпишувањето на Бледската спогодба, условите во кои беше потпишана и можностите и перспективите што ги даваше таа по нејзиното потпишување на 1 август 1947 година за развивање на сестрана соработка меѓу ФНРЈ и НРБ.

Во последната глава *„Димитров за Нова Југославија“ (155-160)* се истакнати повеќе примери за интересирањето на Георги Димитров во врска со развојот и консолидацијата на КПЈ во годините по 1935 година, кога му дава поддршка на Јосип Броз Тито во Коминтерната по прашањето против распуштањето на КПЈ, потоа за неговата поддршка и интересирање за развитокот на НОБ во Југославија и за конституирањето на новата демократска федеративна заедница на слободните југословенски народи.

Во текстот низ целата книга се поместени 16 фотографии од животот и работата на Георги Димитров, меѓу нив и неколку заеднички фотографии на Георги Димитров и Јосип Броз Тито. Дадени се и 9 факсимили од разни документи, кои се однесуваат на одделни прашања и настани третирани во книгата, како и две карти на кои се преставени окупационите подрачја на фашистичките сили во Југославија и посебно бугарските окупациони подрачја во Србија и Македонија.

Даринка ПАЧЕМСКА

**Ѓорѓи ДИМОВСКИ — ЦОЛЕВ, Ѓорѓи ТАНКОВСКИ и Јован КОЧАНКОВСКИ, ИЛИНДЕН И ИЛИНДЕНСКИТЕ ТРАДИЦИИ, „Развиток“, Битола, 1979 253.**

Заедничкиот труд на Ѓорѓи Димовски-Цолев, Ѓори Танковски и Јован Кочанковски „ИЛИНДЕН И ИЛИНДЕНСКИТЕ ТРАДИЦИИ претставува обид да се изложи историјата на македонскиот народ во времето пред, на и по Илинденското востание. Трудот има карактер на популарно издание наменето на еден поширок круг на читатели, кои се заинтересирани да се запознаат со некои важни прашања од нашето историско минато. Иако во нашата историографија за оваа проблематика доста е пишувано, трудот претставува значаен прилог за историјата на македонскиот народ.

Изложениот материјал во книгата е систематизиран во осум глави, кои се поделени на посебни поглавја, со увод и воведен дел, како и опширна библиографија на користена литература.

Во Воведниот дел се прикажани настаните кои му претходеле на Илинденското востание т.е. отпорот на македонскиот народ против османската власт. Овој отпор во Македонија се развивал низ неколку етапи, како израз на идејно-политичкиот растеж на македонскиот народ. При ова главен акцент му е даден на Кресненското востание, кое претставува отпор на Македонците против одлуките на Берлинскиот конгрес.

Во првата глава под наслов: „Организирано против тиранијата", авторите ги обработуваат условите кои довеле до создавање на Македонската револуционерна организација и нејзиното ширење во Македонија. Соодветен простор е даден на мерките кои ги преземала османската власт против Организацијата. Во оваа глава авторите се осврнуваат и на внатрешните прилики и тешкотии на кои наидувале Организацијата со појавата на врховизмот и мешањето на официјалната бугарска влада, со што му било нанесено голема штета на македонското револуционерно движење.

„Спроти Илинден" е наслов на следната глава. Тука најнапред се обработуваат настаните кои му претходеле на Илинденското востание. Осврнувајќи се на настојувањата на бугарската влада да ја вовлечат Македонската револуционерна организација во своите планови, преку тајни агенти од типот на Иван Гарванов, кој заземајќи го кормилото во управувањето на Организацијата, успеал да ги отвори вратите на врховизмот во Македонија. Понатаму авторите се задржуваат врз ликот на Гоце Делчев и неговото место во современата македонска историја.

„Илинден 1903 година" е наслов на следната глава каде се опишува почетокот на Илинденското востание. Востанието имало голем успех во цела Македонија, но најголем подем достигнало во Крушево каде била создадена Крушевската република.

Следната глава под наслов: „Трагичен крај на Илинденското востание" ги содржи мерките и акциите кои ги преземала Турција, со цел да го уништи отпорот што го давал македонскиот народ. Тука се потенцирани страдањата на Македонците предизвикани од турските репресалии. Со задушувањето на востанието и било нанесена голема штета на Организацијата и воопшто на целото револуционерно движење.

„Светот за Илинденската епопеја" е наслов на *следниот* дел од трудот. Тука авторите се осврнуваат на одзивот на Илинденското востание во светот и сред југословенските народи. Странскиот и југословенскиот печат со големи симпатии ги следел настаните во Македонија за време на востанието. Европските напредни работници истапиле во заштита на македонската кауза. Преку разни манифестации низ целиот свет, со несебичност

и симпатии, го поздравиле овој подвиг на македонскиот народ.

*Шестата* глава под наслов: „Факелот на Илинден и натаму гори“ ги опфаќа настаните кои следат по Балканските војни и поделбата на Македонија меѓу трите балкански земји: Србија, Бугарија и Грција. Оваа поделба длабоко го разочара македонскиот народ бидејќи тоа претставуваше рушење на неговите идеали за ослободување на Македонија. Населението иако било поделено, тоа ја продолжило својата борба за национално ослободување на Македонија.

Традициите на Илинден продолжиле и во најсудбоносните моменти од историјата на македонскиот народ, во Народно-ослободителната војна и Народната револуција. Тоа е тема на обработка на *следната* глава на споменатиот труд, што носи наслов: „Илинден во деновите на Народноослободителната војна и Народната револуција“.

„Илинден и илинденските традиции денес“ е наслов на *следната* глава на трудот, каде се прикажани условите во Социјалистичка Република Македонија за осветлување на настаните од илинденската епопеја.

На крајот од трудот е поместена опширна библиографија на користена литература, поврзана со оваа проблематика.

Независно од тоа дека трудот е презентиран во научно популарен стил, тој предизвикува внимание зашто овозможува читателите да се запознаат со доста проблеми од македонската историја.

Маргарита РИСТЕВСКА